**Атанас Чупоски**

# КОНЦЕРТ

# на

# ТРУБА

# во

# ДУР

**ПОСТ ПАТРИОТСКИ ПЕСНИ**

**Булкановизија**

**Македонска модерна пост песна во е-мол**

**Трутови во транзиција**

**Династија**

**Капитал**

**Куршумлија**

**Војна**

**СТАРИ НАРОДНИ БАЛАДИ**

**Гордиев јазол**

**Ајдук Карпош**

**Т′га за живот**

**Зелен робот и Бела самовила**

**Чорбаџиска ептен домаќинска**

**Тешкото**

**Чукун дедо**

**ПЕСНИ И ИГРИ**

**Песна од чудни и убави зборови**

**Душевна игра (Песна од душа)**

**Змиска песна**

**Заспана песна**

**Песна**

**Детска игра**

**На букви**

**ПЕСНИ ОД КУФЕР**

**Коњак од стариот конак**

**Поглед**

**Средба на мостот**

**Излет**

**Прашки шетач (Прошетка низ Прага)**

**Прошетка**

**Херој**

**ПЕСНОПОЕНИЈА КОИ СО ШЕГАТА СЕ БИЈАТ**

**Атанор**

**Будимка се буди во Кишпешт (Маџарски чардаш или танец на Унгрите)**

**Липа (Празнично липање)**

**Кокошка во Прага**

**Оргазам**

**Најобичен камен**

**Сон**

**ЕЗГИИ ЗА СОЛО КАВЕЛ**

**Смртта на стрелецот**

**Измислувања**

**Црнила (**Les pirates noires**)**

**Тоа што име нема**

**Дождовен танц**

**Танц на сенки**

**Шатор**

**КРАЛСКИ ПЕЕЊА**

**Раѓање на кралот**

**Јунак**

**За кралевите и за месечините:**

I **Кралот на месечината**

II **Кралот во месечината**

III **Крал од месечина (Кралев од по месечина)**

IV **Крал на месечина**

**Кралот од кристал дворец**

## *СНЕЖНОБЕЛА*

***Таа е многу мила***
***Косата и е од свила***
***Таа е можда најмила***

***Таа е муза небесна***
***Таа е гејша јапонска***
***Циганска самовила***

***Мир престрасен од немири роден***
***Цвет најшарен а снежнобел***
***Русинка со очи тажни***
***Црнкинка со допир врел***

# ПОСТ

# ПАТРИОТСКИ

# ПЕСНИ

## БУЛКАНОВИЗИЈА

**Тиран**
**со три рани**
**тетовиран**

**Град бел**
**ишаран**
**со графити и ишарети**

**Софисти**
**и стари и млади**
**мудри - не мудри**

**Еден друг град**
**со копје**
**харикиран**

**Сомун**

**на три прекршен в**

**Салон**

**THE END**

**- - -**

**Дал е ова булка крај шините**

**Или пак е вулкан со визија**
**неизвалкан**

**Или висок балкон - напон**

**Да не е бал**

**(свечен раскошен бал)**

**Или кан-кан**

**(со убави долги нозе кан-кан)**

**Не ми бил ни бал**

**Ниту пак кан-кан**

**Тук ми е**

**Кан и бал**

## МАКЕДОНСКА МОДЕРНА ПОСТ ПЕСНА ВО *E-MOL*

**Еден Македонец Хип**
**Еден Македонец Мак**
**Еден Македонец Е**
**Еден Македонец Донец**
**Македонец од Дон**
**Тивок Русин**

**Еден Македонски**
**Пост Модерен**
**Пост Православен**
**Пустински Пост**
**Исихазам**

**Љубов Македонска**
**Македонска Тенка Половина**
**Морници Македонски**

**Шамар**
**Шамар Македонски**
**Шамарница Чемерна на**
**Шаман Смирен**

**и Злато и Злоба и Ѕвонци**
**Прапорци Ѕвонци Клопотарци**

## ТРУТОВИ ВО ТРАНЗИЦИЈА

**Ни трнат труповите**

**Темница е**

**Тивко тивко**

**Тонеме**

**Темјанушки тормозиме**

**Темница е**

**Мириса темјан**

**Татнежи телата ни ги тресат**

**Тапани тропаат**

**Топови трештат**

**Тонеме**

**Темница е**

**Не тупнаа во трлата**

**Темница е**

**Пцуеме**

**Трат и кремен и тутун**

**Од темето треви и трње ни никнат**

**Тонеме**

**Траењето си го трошиме**

**Трикови знаеме**

**Трпиме**

**Трнеме**

**Траеме**

**Трошка труд ни е требен**

**Тлееме**

**Темница е**

**Пак пцуеме**

**Трупови трезни сме**

**Од темјаника**

**Од тага**

**Од радост**

**Точка**

# ДИНАСТИЈА

**Си биле една Буржоазија**
**еден Пролетеријат и една Револуција**
**Биле многу сексуално слободни дури неморални**
**Револуција била проститутка во некој отмен бордел**
**Згодна и скапа проститутка а по душа курва**
**и по тело курва дури нимфоманка**
**Пролетеријат бил крајно ненаситен а без пари**
**Сакал да ебе се живо и диво и питомо**
**Без никаков вкус дури кичерај**
**Пролетеријат сакал да ги дупи**
**и Револуција и Буржоазија**
**Револуција му дала и таа сакала**
**Буржоазија нејќела не му дала**
**Арно ама Буржоазија да ти била лезбејка**
**И се сакало секс со Револуција**
**Буржоазија не била ни убава**
**дури била грда**
**ама многу префинета убаво облечена**
**со дискретен шарм а и добро плаќала**
**и Револуција се согласила**

**- - -**

**Поминало време се јавиле љубомори посесивности**
**(дури се шушка дека Пролетеријат ја силувал**
**Буржоазија)**
**љубовниот триаголник се распаднал**
**Секој тргнал на своја страна**
**Буржоазија заминала за Азија**
**(во потрага по ефтина дрога)**
**на Пролетеријат пролетта му се губи и трага и глас**
**(велат влегол во некоја секта)**
**само Револуција многу не се тревожела**
**(останала мирна)**
**дури не ја напуштила ни јавната куќа**
**(продолжува)**

## КАПИТАЛ

**Работам**

**Работам како роб**

**Р′мбам како робот**

**Работник сум**

**Со рапава руба**

**Се топорам на робусен бор**

**Со топор тропам**

**Со бор се борам**

**На работа робу**

**Работи роботу**

**На робија сум**

**Заробен здробен**

**Работам со ропот**

**На работ сум на ребусот**

**Ни ребус ни бутур**

**Работам со тропот**

**Роб сум и робот**

## КУРШУМЛИЈА

Еден куршум ми просвири покрај увото

Му свирнав и јас

Друг куршум ми просвири покрај другото уво

Ушите ми поцрвенеа од срам

Еден куршум ми свирна во носот

Носот ми се расцвета како лотос

Со едната нога клоцнав еден куршум

Мене ногата ме заболе а го заболе сигурно и него

Со другата нога сакав да шутнам друг куршум

Го промашив

Со левата рака фатив еден куршум в лет

Леташе од цвет на цвет

Десната рака ми беше во завои

Не можев да ја движам

Еден куршум ми залута в око

После си го најде патот

Еден куршум ми залута в срце

Се загуби во моето срце како во лавиринт

## ВОЈНА

**Одамна еднаш страшен бој почна**

**Борба на смрт или живот**

**Злите јазици војна им објавија на добрите јазици**

**Вооружени беа со зборови зли и ножови опасни**

**Коски немаа ама коски кршеа**

**Ним им се придружија**

**Јазиците лажливи**

**Клеветничките јазици**

**Јазиците дрски**

**Добрите јазици добри зборови имаа**

**По малку се познаваа**

**Со јазикот на животните и со сончевиот јазик**

**Ним им се придружија јазиците праведни**

**Лигавите јазици**

**Јазиците отсечени и немите јазици**

**Останаа неутрални**

**Битката се разгори**

**Јазици пламени сета земја ја излижаа**
**Како заврши војната**

**Не знам**

**Ручав денеска**

**Похован јазик телешки во сос од печурки**

**Беше многу вкусен**

# СТАРИ

# НАРОДНИ

# БАЛАДИ

## ГОРДИЕВ ЈАЗОЛ

**Александар од Македонија**
**Слезе од бродот во Мала Азија**
**Мечот го заби в земја**
**Ја сакаше цела Азија**

**Отиде во Гордион**
**Го најде јазолот**
**Врзан на јаремот**
**На колата на кралот Мида**

**Александар знаеше**
**Кој го одврзе јазолот**
**Што Гордиј го врза на јаремот**
**Тој со Азија владее**

**Стрпливо се обидуваше**
**Логички како што Аристотел го учеше**
**Гордиевиот јазол не се одврзуваше**
**Александар се уморуваше**

**Одеднадеж застана**
**Мечот го извлече јазолот на пола го пресече**
**На сонцето се насмеа**
**Пола Азија завладеа**

## АЈДУК КАРПОШ

**Карпош в крст нозе на висока карпа седи**

**В реката крива пули дур кромид јаде**

**Прди и крадени жолтици реди**

**Мисли на жената ќебапот ајдучки што и го кладе**

**Селани збунети се бунат**

**На небо изгреала полумесечина сјајна**

**Карпош на чело стои на таа селанска буна**

**В боеви с негова дружина ајдучка страшна**

**Карпош со врзани раце в крст на мостот од камен стои**

**Долу ја пули реката голема матна**

**Дур турски колец и татарски копја гледа - планови крои**

**Како да избега како да летне како . . .**

**Карпош на висока карпа заспан лежи**

**Месецот е студен и студот го буди**

**Ајдукот на сонцето му се смее**

**Од виното и тревата ајдучка сонува соништа луди**

## Т′ГА ЗА ЖИВОТ

**Лежам в заточение**

**В темница црна умирам**

**В зандана в долап**

**В гроб**

**Т′га голема скрб неутешна**

**Жив од овде не излагам**

**Ах камо да можам**

**Орелски крилја да метнам**

**В орел да се престорам**

**До небеса горе да летнам**

**Близу до с′нцено јасно**

**Стамбол никогаш да не видам**

**Овде је мрачно и мрак м′обвива**

**Тамо је сјајно и прекрасно**

**Би можел по срце в кавал да свирам**

**С′нце да не зајдвит**

**Ја да не умирам**

***необјавена песна***
***на Константин***
***Миладинов***
***скриена во некое ќоше***
***на цариградските зандани***

## ЗЕЛЕН РОБОТ И БЕЛА САМОВИЛА

**Робот шета низ гора зелена**

**Там ми срети бела самовила**

**Проговара робот зелен робот**

**Ај ти тебе сестро самовило**

**Ја су робот од града далека**

**Поминал сум седум гори и морињa**

**Само тебе сестро да те најда**

**Да ме доиш млеко самовилско**

**Одговара бела самовила**

**Ај ти тебе робот зелен робот**

**Зелен робот од далека града**

**Ќе те прашам право да ми кажеш**

**Ал си дошло млеко да те доја**

**Ил си дошло душа да ти дада**

**Одговара робот зелен робот**

**Зелен робот од далека града**

**Штом ме питаш право ќе ти кажам**

**Нит су дошло млеко да ме доиш**

**Нит су дошло душа да ми даиш**

**Тук су дошло тебе да те сака**

**Да обљуба твоја тенка става**

**Да целива твое бело лице**

**Да замрса твоја црна коса**

**Уште робот зборот не дорече**

**Наљути се бела самовила**

**Одврти му раце од рамена**

**Одврти му нose од колена**

**Па му рече бела самовила**

**Ај ти тебе робот зелен робот**

**Зелен робот од далека града**

**Как си дошло така да си одиш**

**Мене љубит светлоно ми с′нце**

**Шо ми шетат по т′мна ми земја**

## ЧОРБАЧИСКА ЕПТЕН ДОМАЌИНСКА

**Јас сум селски чорбаџија**
**Чорба срkам скоро секој саат**
**После вино пијам**
**Пред чорбата ракија**

**Излегов да се прошетам**
**Низ таа шума висока**
**Ме пресретна Волшебница**

**Волшебница Маѓесница**
**Маѓесница Чаробница**
**Ме очара ме зачара**
**Ме шармира не ме разочара**
**Вила Чародејница**
**Со чинки и чари**
**Ме маѓепса**

**За да се разотчарам**
**Посетив Ѓупка Циганка**
**Од уроци што спасува**
**Урочи Барачи Зарачи**
**Кој те тебе**
**Убарачи**
**Ми вражаше гола на чардак**

**Уште бетер ме опчини**

**ТЕШКОТО**

**Како го смислив тешкото**

**Не сум баш сигурен дека сакам да кажам**

**Може е подобро да остане тајна**

**Ама ќе кажам што ми е гајле**

**Не е тоа оро за народот**

**За тоа дека му е тешко под ропство**

**Па маката негова излегла низ орото**

**Народот се снаоѓа во секаква тешкотија**

**Ниту пак дека на свадбите се игра лесното**

**Па сакав да направам тешко оро**

**Што и за најдобрите играорци тешко ќе биде**

**Туку тоа вака беше**
**Една вечер врнеше ама туруваше многу**

**Капавиците ги ставив во левата рака и удри по топанот**

**Громовите во десната - топанот грмеше**

**Молњите зурли беа**

**Секавици кои одвреме-навреме темнината ја осветлуваа**

**Ете така го смислив тешкото**

## ЧУКУН ДЕДО

**Чукун дедо ми беше главатар**

**Главар на Мијаците**

**Во тоа село Главино**

**Коприви на пролет јадеше**

**Гром не го удираше**

**Куршум не го дупеше**

**На лов кога одеше волците си ги водеше**

**Двоглава секира на рамо носеше**

**Молњите ги собираше**

**Чукун дедо ми големи уши имаше**

**На десното уво ветрот го слушаше**

**Со левото зборовите**

**Многу на далеку слушаше**

**Слушаше идат Турците**

**Турците кога стасаа**

**Чукун дедото им кажа два збора**

**Не знаете ни кај сте**

**Ни зошто сте**

**Ни кога ќе заминете**

**Турците се налутија**

**Анџарите криви извадија**

**Ушите му отсекоа**

**Да не слуша толку далеку**

**Чукун дедо ми**

**Чуп без уши остана**

**Жените сега го нејќеа**

**Волците само го слушаа**

**А волците завиваа**

**Чупиот мој чукун дедо**

**Со ветрот веќе не збореше**

**На стапот се потпираше**

**Кон сонцето гледаше**

# ПЕСНИ

# И

# ИГРИ

## ПЕСНА ОД ЧУДНИ И УБАВИ ЗБОРОВИ

**Во еден град**
**со многу прозорци**
**и со многу соби**
**се случи чудо**

**Срмена ткајачка се мрести**

**Од црна плетенка породи бел ќумур**

**Ќумурот се преоблече во пердув**

**и почна да плаче**

**Од една солза изникна порта**

**Низ неа минаа коњаници во тивок молк**

**Наместо мечови носеа шарен глобус**

**и така го крстосуваа светот**

**Глобусот им избега**

**и почна да жнее костени**

**Од срцата на раскостените костени**

**излезе писар и почна нешто да бележи**

**на табли од калај и ʹрѓа**

**со вретено место молив**

**Вретеното вртејќи се**

**создаде тмурна калеша тишина**

## ДУШЕВНА ИГРА
### (ПЕСНА ОД ДУША)

**Неколку души играат на душек**

**Во една душа влегуваат многу души**
**Ја задушуваат**

**Една душа дише длабоко**
**Другите души и влегуваат во здивот**
**Ја задушуваат и неа**

**Една душа паѓа од душекот в море**
**Се удавува во морето длабоко**

**Другите души остануваат рамнодушни**

**Една душа паѓа од душекот под кревет**
**Наоѓа друга душа**
**Водат љубов здивени задишани без здив**
**Другите души дишат душмански**

**Една душа**
**душегрижно душка околу душевно болните души**
**Душевно здравите души**
**и ја вадат душата и си играат со неа**

**Неколку души душевно болни**
**и**
**Неколку души душевно здрави**

**Играат на душек**

## ЗМИСКА ПЕСНА

**Синојка ме касна змија**
**За раката**
**Змија со три заба**

**Еден заб лево**
**Друг десно**
**Трет во средината**

**Сонував ноќта дека сум цар змиски**
**Седев на престолот змиски**
**На змиите заповедав**

**Каде да одат**
**Кого да каснат**
**Од кого да бегаат**

**Утрото жал ми падна**

**На змијата езерска синојка**
**И ја смачкав главата**

**Главата со три заба**
**Еден заб лево друг десно**
**Трет во средината**

## ЗАСПАНА ПЕСНА

**Долгокрил орел низ глава ми лета**

**Кактус во пустина цвета**

**Орел на извор вода пие**

**Окото мое спие**

**Главата моја со орелот лета**

**Во цветна оаза слета**

**Таму на извор вода пијам**

**После ќе одам да спијам**

**Низ сонот мој орел лета**

**Мојата глава цвета**

**Орел од око вода ми пие**

**Веќе не ми се ни спие**

## ПЕСНА

**Циган стар слепец**
**На мост од камен седи**
**На појас златен нож**
**Стара виолина стара песна ежи**
**Песна стара ко корен од даб**
**Шеширот напред пари да се реди**
**Итро се смешка златниот заб**
**За сила рујно вино**
**За смеа срце силно**
**Мудар слеп старец**
**Цел свет шарен знае**
**Видовит старец**
**Млада циганка гледа**
**Како се капе под водопад**
**Светлата кожа**
**На младата девојка блешти**
**Право во очите слепи**
**Убава божица**
**Од блесокот солза се створи**
**На работ на очите стари**
**Па во насмевка се претвори**
**А виолината режи**
**Песната жежи**

## ДЕТСКА ИГРА

**Злото и доброто си играа**
**Злото глумеше добро**
**Доброто глумеше зло**
**Така се заигрувaa**
**И се заборавaa**

**И црното и белото си играа**
**Во секое црно скокаше по малку бело**
**И обратно**
**Во белото црно**

**Едно време им досади**
**Почнаа да се прскаат со бои**
**Секое со својата боја прскаше**
**Ги испрскаа и доброто и злото**
**Јок ги сторија**

**Доброто и злото**
**Пред тоа безбојни**
**Сега црно бели**
**Многу се налутија**
**Оти играта им ја прекинаа**

**Кога ги фатија**
**Црното и белото**
**Страшно ги измешаа**
**Сиви ги претсторија**

## НА БУКВИ

**На пролет без грижа од свежо млеко ум цицам**
**Плен сум на расипана вага**
**Со букви од златен оган**
**Смислувам малечка лага**

**Сред лето голи папоци пијам**
**Невидливи отворам врати**
**Со букви од вода воздух и оган**
**На букви од земја спијам**

**Есенно време мирно следам**
**Молњи ветрови колат**
**Букви од оган вода и земја**

**Низ шарен воздух пловат**

**На зима снегулки со векови ковам**
**Со пијана в снег скриена глава**
**На букви од воздух и вода**
**Низ морињa бели бродам**

**На букви на букви на букви**

# ПЕСНИ

# ОД

# КУФЕР

## КОЊАК ОД СТАРИОТ КОНАК

**Си бил еден обичен човек**

**Летал во млазен авион за Бразил**

**Авионот многу брмчел бил обичен млазен**

**Со мудрец стар со брада бела**

**Муабет правел за**

**Зракот Мракот и Коњакот**

**што го донесла стјуардесата**

**Атерирал безболно брзо во Бразил**

**Играл самба на Копакабана**

**И се вратил назад дома**

**И не бил никогаш во кома**

**Само еднаш по пат**

**Се избањал**

**во езерото Комо**

**Благо речено**

**Си бил еден обичен човек**

## ПОГЛЕД

**Одам мирно низ еден град**

**Гледам нагоре**

**Небото го дерат**

**Крвави многу**

**Гледам надолу**

**Срцето на земјата плаче**

**Солзи од лава лее**

**Липа многу**

**Гледам наоколу**

**Луѓе излегуваат од метро**

**Мравки излегуваат од мравјалници**

**Брзаат многу**

## СРЕДБА НА МОСТОТ

**Го сретнав денес ѓаолот**
**Прв пат**
**Седеше на мостот**
**Продаваше некакви цртежи**
**Не знаев дека цртал**
**Ама и цртежите не му беа кој знае какви**
**Главно авто портрети**
**Ни копаше ни ораше туку мирно си седеше**
**Му се приближив**
**Сакав да го сликам**
**Стави огледало пред лицето**
**Да се одбие блицот од огледалото**
**Бараше пари**
**Му дадов нешто ситно**
**Му реков да се насмее**
**Го исплази јазикот на страна**
**Неколку заби му фалеа**
**Го фотографирав**
**На главата имаше ставено некакви црвени рогови**
**За да изгледа пострашен**

– – –

**После**
**Кога ги развив фотографиите**
**На нив го немаше ѓаолот**
**Туку само една црна точка**

**А другото се беше бело**

## ИЗЛЕТ

**Решив да слезам во подземниот свет**
**(После сфатив дека тоа да ти бил**
**францускиот подземен свет)**
**Со мене тргнаа двајца верни другари**
**Еден волк и еден пес**

**Го сретнавме прво Шарл**
**Му правеше литании на Сатаната**
**Потаму Едгар муабетеше со гаврани**
**(Лафеше англиски и малку ме збуни)**
**Па Артур кој се нишаше како пијан брод**
**Никако не можеше да се смири**

**Нив ги изеде волкот**
**(Гијом и Андре на време го видоа и му се скрија)**
**Јас и песот го продолживме патот**

**Наидовме на самовили што играа слепо коло**
**Ги прашав нешто на француски**
**Јазикот не го знаеја**
**Ми заличеа на нашинки**
**Па ги пуштив да ми го погалат песот**
**и да си поиграат со него**

**После се вратив во надземниот свет**

## ПРАШКИ ШЕТАЧ
## (ПРОШЕТКА НИЗ ПРАГА)

**Си одам си шетам низ овој град**
**Одам полека нозете ме болат**

**Таму негде до еврејските гробишта близу**
**Меѓу куќички мали**
**Низ улички тесни**
**Рабин мал за рака Голем човек води**
**Човекот Голем тешко оди**

**Потаму негде близу Влтава**
**Кралот се шета во друштво на лав**
**Тих човек - ѕвездочитач со нос златен**
**На кралот му кажа**
**Умре ли лавот - умре и кралот**

**Во замокот горе сретнав човек**
**Престорен во бубашваба**
**Рече студирал право**
**Во безимен процес осуден здраво**

**Во уличка од злато**
**Белобради старци**
**Со камења се лупаат в глава**
**Помудри да станат**
**Од железо злато сакаат да прават**

**Старец Богу мил и храбар**
**Гулаби хранеше на кров на зграда**
**Се лизна се смачка на една ограда**
**После чув**
**Во свое време**
**Кралот на Англија го служел**
**И со златни тигри се дружел**

**Пољак еден од Париз дојден**
**Во готска катедрала темна**
**Во камен на ѕидот - аметист зелен**
**Ликот свој го виде**
**Се уплаши позелене**
**И си замина виде - не виде**

**Почна да врне**
**На мостот витез чуден стои**
**Прстите на Прага ги брои**
**Прстите од дожд**
**Фантазии чудни крои**

**Веќе студено стана**
**А и уморен бев малку**
**Циганка една чародејница**
**На мостот љубов што нуди**
**Во нејзината ме качи шкода**
**Иако не бев во мода**

**После сѐ се претвори во златна прашина**

## ПРОШЕТКА

**Денес тргнав на прошетка**
**Отидов на Гренланд**
**Се љубев со Ескимка**
**Во игло на свеќа**
**Тамам беше ќе навратам пак**
**После бев на Нијагара**
**Со кану низ брзаци водопади**
**Се направив жива вода**
**Едвај спасив жива глава**
**Од таму за Америка јужна**
**Инките ги посетив**
**Стално одам да ги видам**
**Кога врвам низ тој крај**
**Па оружје шверцував за добри пари**
**На бреговите на Бразил**
**Со другари стари Корто и Прат**
**После на Копакабана**
**Мулаткиња една ме учеше самба**
**Кога ми досади**
**Ја сменив**
**Америка јужна за Африка централна**

**А таму ритуали**
**Танци разни**
**Напитоци јадења чудни**
**Разнобојна музика**
**Отпловив после кај Абориџините**
**Раскажувачи на приказни древни**
**Предание чув за летачки зелени мравки**
**Мислев да поминам низ земјата**
**Сонцето кај што изгрева**
**Се уплашив многу од печурката**
**Па правецот го сменив**
**За Азија право**
**Се искачив полека на Џомолунга**
**Врвот на светот**
**Видот ми се избистри**
**Можев се да видам**
**И гледав**
**Можев после и да летам**
**Си летнав дома**
**Да одморам малку**
**Мир не наоѓав**
**Си велев да летнам на Венера**
**Дур уште може да летам**
**Да пробам барем некоја Венеријанка**
**Ама за малер точно тогаш**
**Мастилото ми се истроши**

## ХЕРОЈ

**Тргнав по трнлив пат**
**По трагата на тронот**
**Престолот од стрмната страна**

**Како дрвен ат од Троја**
**Тропнав на портата на стравот**
**Стравот се растревожи се стресе**

**На сртот стоеше стражар строг и страшен**
**Го отрув без трема**
**Обземен од стремеж кон тронот**

**Трговецот трет ми излезе во пресрет**
**Продаваше трон**
**Го треснав по теме го турнав под трамвај**

**Трогнат од трагичноста на триумфот**
**Со тајни тревки останував трезен**
**Трепките ми трнеа**

**Седнав трајно на тркалезниот трон**
**Стрпливо станував тром**
**Се сторив крт**

# ПЕСНОПОЕНИЈА

# КОИ

# СО

# ШЕГАТА

# СЕ

# БИЈАТ

## АТАНОР

**Абракадабра**
**Сум Адам**

**Адам Алфа**
**Акробат од Атлантида**
**Амајлија со арома имам**
**Аман аман аман**
**Низ Арарат порта влагам**
**Низ алабастерова аркада**
**В арам карван седам**
**Арна анама арчам**
**Аман аман**
**Амазонка ме ареса**
**Амазонка Афродита**
**Аман**
**На рамена два сива сокола**
**Амброзија в уста**
**Алхемија од алга творам**
**Аман аман**

## БУДИМКА СЕ БУДИ ВО КИШПЕШТ
**(Маџарски чардаш или танец на Унгрите)**

**Буде дуби (на глава)**
**во Будимпешта**

**Буда го дебне Пешт**
**Будим бдее над Пешта**

**Буда е заљубена во Будим**
**А Пешт во Пешта**

**Сидарта Готама Буда**
**Буда разбудениот**
**(еднаш по грешка)**
**се разбуди во Будим**

**Будимче пишти во Ујпешт**
**Будимка јадела буника**
**Се буди збунета**

**во Будапешт**

## ЛИПА

**(Празнично липање)**

**Една цути липа**

**Липа една мириса**

**Еден дојде човек**

**Човек носи пила**

**Човек еден пила**

**Човек липа пила**

**Липа една липа**

**Една падна липа**

**Липа една липа**

**Човек оган пали**

**Човек липа пали**

**Липа една липа**

**Еден стои човек**

**Човек еден липа**

**Липа ли липа**

## КОКОШКА ВО ПРАГА

**Кокошка пристигна преку прагот**

**Влезе во Прага**

**Го виде градот од високо**

**Се посра на Карлов мост**

**И снесе црвено јајце**

**P. S. Овој филм нема никогаш да добие Оскар**

## ОРГАЗАМ

**Земја газам**
**Орев глодам**
**Оро водам**

**Орман газам**
**Тава ориз јадам**
**Орда предводам**

**Во ров не слагам**
**Не сум орангутан со ортома врзан**
**Од смеење се газам**

**Говедина со рен јадам**
**Со ровја се мазам**
**Во ориент - експрес влагам**

**Организиран организам имам**
**Уживам во млазен оргазам**

**Долг траен орјентиран оргазам**

**Свршеток крај конец**
**На макара намотан**
**Во игла вденат**

## НАЈОБИЧЕН КАМЕН

**Во некој камен имало срце**

**Во срцето скриен орел**

**Во орелот бел блескал бисер**

**Во бисерот мал езеро цело**

**Над езерото летале коњи**

**Крилати коњи коњи брзи**

**Итале скришно до дворецот таен**

**Дворец од кристал на крај на светот**

**Во дворецот на престол седел крал мудар и страшен**

**Во кралот скриено срце**

**Во срцето скриен нож**

**Во ножот скриена тајна**

**А каменот спиел во центарот на еден град**

**На неговиот плоштад**

## СОН

**Со часови на небото спие**
**Еден алтан со искршен раб**
**Една ламја под него се крие**
**Ламја една со само еден заб**

**Арслан куче в ламјата се пули**
**И гризна на ламја половина мев**
**Сина крв од ламјата цури**
**Испопрска крвта половина свет**

**Еден морски коњ од крвта се запи**
**Помодре од горчина тој**
**Од крвта плава изгледа се опи**
**Зијан чини што смрди на гној**

**Алтан златен меч во рацете грабна**
**Удри храбро по морскиот коњ**
**И по итро куче арслан и по злата ламја**
**И се врати храбро пак во својот сон**

# ЕЗГИИ

# ЗА

# СОЛО

# КАВЕЛ

## СМРТТА НА СТРЕЛЕЦОТ

**Црната точка на метата**

**Ја гледаше стрелецот скришум**

**Него го демнеше смртта**

**Стрелата брзо летна**

**Стрелецот се насмевна**

**Се затетерави смртта**

**Очите с’лзни беа**

**Очите на стрелецот**

**Падна мртва смртта**

## ИЗМИСЛУВАЊА

**Измислив се што можеше да се измисли**

**Мислев а мислите ми летаа**

**Летаа и се престоруваа во измислени букви**

**Буквите измислени**

**Пак со помош на измислените мисли**

**Се престоруваа во измислени тајни магични знаци**

**Тајните измислени магични знаци**

**Измислувајќи чудесии**

**Измислија светови**

## ЦРНИЛА
**(LES PIRATES NOIRES)**

**Црн гусар во црна утроба на црн брод спие**

**Бродот плови заплеткан во црна мрежа пајакова**

**Во црна мрежа на црна вдовица**

**Заплеткан во црна тишина**

**Црна ноќ е и црн мрак е**

**Бродот плови низ црно море**

**Црни бранови го лулаат**

**Црна темнина е**

**Гусарот црн црн превез носи над црното око**

**Сонува црн сон а во сонот разигран црн коњ**

**На највисокиот јарбол**

**Црно знаме се вее**

**На знамето црно**

**Бела мртовечка глава се смее**

## ТОА ШТО ИМЕ НЕМА

**Волчица волчји јајца снесе**

**Воздишки се испилија**

**На грбот ги понесе**

**Преку реката стар бекрија**

**Стар мераклија**

**Бивш бекрија**

**Стар клошар**

**Бездомник**

**Хроничен пијаница**

**Алкохоличар**

**На мостот кога стапна**

**Птиците и пците за парче леб се converted**

## ДОЖДОВЕН ТАНЦ

**Индијанец сум**
**Бои разни шарам**
**Шарена коња имам**

**Шарен индијанец сум**
**Масти разни мачкам**
**Мачка црна имам и сни ишарани**

**Врач црн индијански сум**
**Црвена кожа има**
**Лак и стрела стрелам**

**Стрелец индијанец сум**
**Бледо лице имам**
**Поглед страшен гледам**

**Облаци шарени си гледам**
**Времето си гледам**
**Облаци си течат**

## ТАНЦ НА СЕНКИ

**Земја туѓа непрегледна**
**Ноќ стемнета бесна**
**Воин ранет и без око**
**Сонува тајна песна**

**Танцува огнот**
**Ѕвер што иде в зора**
**Девојка млада и красна**
**Жена станува гола**

**Утрински солен ветер**
**Паун и зајчица бела**
**Продорен звук и светлина сјајна**

**Орел и змија врела**

**Низ пустини и низ џунгли влажни**
**Разнобојни сонца ечат**
**Се раѓаат водопади силни**
**Клетва црна и молитва бела**

## ШАТОР

**Коњаници низ пустина движат**
**Запираат крај една дина**
**Осум колци в земја бодат**
**На месечината се молат**

**Шатор**
**Оптегнат в пустина спие**
**Човек со нож и со брада**
**Од месечината вода пие**

**Во шаторот човек**
**Човекот песна пее**
**Од шаторот шарен**
**На месечината и се смее**

**Седум ловци в круг седат**
**На тапани седум тропат**
**Тапаните со духови зборат**
**Ловците во шаторот гледат**

**Од шаторот глас се слуша**
**Човекот низ времето лета**
**Предците дури зборат**
**И шаторот и човекот се тресат**

**Човекот силно вреска**
**Од шаторот излага шарен**
**На месечината и се смешка**
**Во раката држи дар дарен**

**Небото шатор му е**
**Човекот нагоре гледа**
**Низ ѕвездите - на шаторот дупки**
**Човекот - светлина бледа**

# КРАЛСКИ

# ПЕЕЊА

## РАЃАЊЕ НА КРАЛОТ

**Кралот е роден**
**Ден се роди зелен**
**Крај на март е**
**Лед се топи свилен**

**Дождовници сребро леат**
**Од чешмите вода тече**
**Наречница стара трета**
**Баба Марта клета**
**Судбина претскажа пред света**

**Крал сила ќе има**
**Тешка сила скриена сила**
**В срцевината земјена**
**Длабоко во срцето на земјата скриена**

**Таа сила поарно да не била**
**Таа сила ќе му тежела**
**Таа сила ќе го свила**

**Самовила си го зела**
**Со млеко надоила**
**Роса напоила**

**Шумско билје најала**
**Од уроци заштитила**
**Крала пораснала**

## ЈУНАК

**Коњаник тешко низ пустина движи**
**Сонцето го жежи право в глава**
**Од жед остриот ум свој го загуби**
**Коњот шарен свој го уби**

**Самовили бели му даваат билје самовилско**
**Бесмртна вода млеко самовилско**
**Рака подава - самовили се смеат**
**Сабја исукува - вили исчезнуват**

**Камење и змии по пат сече**
**Орли мршојадци над глава му кружат**
**Темнина полека го обвива и влече**
**Низ уши остри звуци му стружат**

**Го мачат многу гладот и жедта**
**За градот мечтае далечен а близок**
**Во темнината темна пештера гледа**
**Се крие внатре и вечно останува во неа**

# *ЗА КРАЛЕВИТЕ И ЗА МЕСЕЧИНИТЕ*

## I КРАЛОТ НА МЕСЕЧИНАТА

**Крал мудар**
**А не и искрен**
**Искра капна на снегот неискалавен**
**Кралот има школка**
**А внатре бисер**
**Бисер**

**Кралот слуша**
**Сконча ерата на социјализмот демократизмот**
**Сега е доба на маргинализмот**
**Вредноста на робата е гранична**
**Корисност**
**Кралот ајкула јаде**
**В ресторан**
**Или в ан**
**Се топли на месечината кралот**
**Знае дека мачките сакаат внимание**
**И внимава**
**Се насмеа кралот - се с’лнчаше**
**Владее нè-**
**Себично среќно**
**Во кралството**
**На месечината**
**Кралот**

## II КРАЛОТ ВО МЕСЕЧИНАТА

**Месечината ја силуваше сонце**
**Крал сонце**
**Месечината инсистираше**
**Ѓердан од месечеви искри му подари**
**На кралот сонце**
**Го заклучи в срце**
**Кралот сонце**
**Кралот срце скрши**
**И излезе**
**Од кралството**
**На месечината**
**Слезе**
**На земјата во морето влезе**
**Нурна в темни глобочини**
**Како крт в земи**
**Разноразни риби срети**
**Знаеше дека сирените сакаат внимание**

**И внимаваше**
**Акватерариумите парам-парче ги стори**
**Aqua означение вода**
**Terra сознaчение земја**
**Кралот на водите - кралот сонце**
**Кралот од кралството дојден**
**Имаше школка**
**А внатре бисер**
**Бисер**

## III КРАЛ ОД МЕСЕЧИНА
### (КРАЛЕВ ОД ПО МЕСЕЧИНА)

**Кралот имаше крлежи**
**Устата му смрдеше на кромид**
**Личеше на Чарли Чаплин**
**По јадење ждригаше**
**А после се дрогираше**
**А после вода пијаше**
**Стана дрогист кралот**
**Дрогерија отвори**
**Со лекарства тргуваше**
**Лекови бели за луѓето зрели**
**Како круши напролет зрели**
**Бели и смели**
**Па дилер стана кралот дилбер**
**Дрога делеше и дилаше**
**Натаван не спијаше и вошки не имаше**
**Кралот макро**
**Голема глава имаше**
**Од макрокефалија патеше**
**Прости тутки подведуваше**
**Со тела тргуваше**
**Знаеше дека курвите сакаат внимание**
**И не внимаваше**
**Ами тешка боздогана**

**Да крене не можеше**
**Голема глава имаше**
**Ни на Марко ни на Дојчин личеше**
**Кралот Болен**
**Од Макрокефалија**

## IV КРАЛ НА МЕСЕЧИНА

**Кралот и телевизорот**
**Еден спроти друг седеа**
**Патеписна репортажа гледаа**
**За Малдивските острови**
**Таму луѓето џвакаат лисја-отрови**
**И цел ден се насмеани**
**За стариот мит збореа**
**За кралот на месечината**
**На земи слегол**
**В море влегол**
**Ајкулата да ја победи**
**Му помогнала школка**
**Не се знае дали школката имала бисер**
**Бисер**
**Тогаш кралот се сепна**
**Мачката лапна риба од аквариумот**
**Знаеше дека мачките сакаат внимание**
**Ја погали па да јаде и даде**
**Гладна беше - тој не внимаваше**
**Надвор погледна - сонце заоѓаше - месечина бледа**
**Задуман околу финансиските проблеми**
**Тргна кон јавната куќа**
**Снегот беше одамна искалавен**

**КРАЛОТ ОД КРИСТАЛ ДВОРЕЦ**

**Кралот пристигна преку гори и морињa
Јаваше на бел коњ
Носеше штит од злато и многу тајни
Идеше од кристалниот дворец
Од крајот на светот
Од работ на морињата
Од границата
По патот го пратеше славеј
Пилето славејот пее за постанокот на светот
Кралот се сети на пештерата во кристалниот дворец
Пештера преполна со сталактити и сталагмити
Разнобојни
Жар од лулето падна на кучето
што трчкаше покрај него
Кога стигна пред анот
Беше пролет
Во анот напиша писмо
Жар од лулето падна на хартијата
Потоа играше шах со смртта
Се мислеше дали да порача уште едно пиво
Да не го порази случајно смртта
Ако се опие
Келнер - пиво - викна кралот
Реми - рече смртта
Реми - рече кралот
Цигарата на смртта се преврти во пепеларникот
Заборави на меаната кога го сретна црниот витез
Заборави на црниот витез и стоглавата ламја
Кај си тргнал - праша иронично црниот витез
Кај сакам - одговори кралот
Месечевиот меч му помогна на кралот
Ламјата столичнаја и витезот темен паднаа мртви
Кралот го продолжи патот
Беше ноќ
Виде пеперутка заслепена од светлината
Да видам што е она што се прпелка онде - рече кучето**

**И тргна кон пеперутката**
**Немој - рече кралот**
**И ја однесе пеперутката во темнината**
**Славејот пееше за светот**
**На изгрејсонце пристигна пред нејзиниот замок**
**Велможи пажеви лакеи дворски шутови го пречекаа**
**Принцезата знаеше дека ќе дојде**
**Синојка и кажа месечината**
**Сакаме чудесии - врескаа шутовите**
**Но кралот и принцезата**
**Се изгубија во непознат правец**
**HAPPY END**

## *ЈАС И ТИ*

***Како костен што од под земја иде***
***Како молк што стрпливо жнее***
***Како вретено завртено од ветер***
***Така Јас***

***Како ткајачка калеша што соништа мрести низ солза***
***Како тајна порта скапоцени волшепства што крие***
***Како плетенка од срма од самовила сплетена***
***Така Ти***

***Како пердув лесен и како ќумур црн***
***Така Јас***

***Како ’рѓа низ времето што бележи***
***Така Ти***

***Како коњаници во тишина тмурна***
***Го крстосуваме шарениов глобус раскостен***
***Јас и Ти***